UPRAVEN SUD NA REPUBLIKA SEVERNA MAKEDONIJA Skopje
2026.06.22 10:39

УПРК.бр.13/2025
УПРК.бр.14/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Анета Џигерова - претседател на совет, Газменд Фејзуљи и м-р Бурим Сејдини, со записничар м-р Едита Исахи – виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителите ТДВИЛЗДПТУ Телхо-Дел ДООЕЛ увоз-извоз Делчево поднесена преку полномошник м-р Панче Едровски адвокат од Кочани и Друштво за производство, трговија и услуги Стаменков Компани 2017 ДООЕЛ од Делчево, против Решението ПП.бр.09-21/15 од 23.05.2025 година на тужениот орган Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок, со вредност на предметот на спорот од 500,000.00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 10.06.2026 година, во присуство на полномошниците на тужителите Миле Медарски адвокат од Кочани и Александар Ѓорѓијески адвокат од Скопје и во присуство на овластени претставници на тужениот орган Маја Стоиманова – Ристовска и Надица Четорошка, на седница на советот одржана на ден 15.06.2026 година, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови ја донесе и ја објави следната:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителите ТДВИЛЗДПТУ Телхо-Дел ДООЕЛ увоз-извоз Делчево и Друштво за производство, трговија и услуги Стаменков Компани 2017 ДООЕЛ од Делчево, поднесена против Решението ПП.бр.09-21/15 од 23.05.2025 година, на тужениот орган Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителите за надомест на трошоци во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение означено во изреката на пресудата, во диспозитивот на истото под точка 1. е утврдено дека тужителот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево, застапувано од управителот Вано Дончевски, заедно со тужителот

Друштвото за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево, застапувано од управителот Дарко Стаменков, како независни претпријатија кои вршат трговија на големо со алкохолни и безалкохолни пијалаци на територијата на градовите Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица, во периодот од 25.12.2017 година до денот на донесувањето на решението, учествувале во забранет договор - картел, на начин што склучиле забранет договор со кој извршиле поделба на пазарите и купувачите. Со наведените дејствија, според Комисијата за заштита на конкуренцијата, тужителите сториле прекршок од член 59 став (1) точка 1), во врска со член 7 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата, поради што Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренцијата на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево му изрекла прекршочна санкција – глоба во износ од 500.000,00 денари, што претставува 0,56% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот остварен во 2024 година, како последна деловна година за која има составено годишна сметка. Со истото решение, на Друштвото за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево му е изречена прекршочна санкција - глоба во износ од 500.000,00 денари, што претставува 1,41% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2024 година, како последна деловна година за која има составено годишна сметка. Со точка 2 од диспозитивот на оспореното Решение е определено сторителите на прекршокот да ја платат изречената глоба во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението, на трансакциската сметка на налогопримачот - Министерство за финансии, на уплатната сметка и со приходната шифра наведени во решението, како и во рок од 15 дена од извршената уплата до Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават доказ за извршената уплата. Воедно, во решението е наведено дека неплатената или ненавремено платената глоба ќе се наплати по присилен пат, додека поднесената тужба го одлага извршувањето на решението.

Тужителот ТДВИЛЗДПТУ Телхо-Дел ДООЕЛ увоз-извоз Делчево на ден 03.06.2025 година, со препорачана пратка до овој Суд поднесе тужба за поведување на управен спор, со која бара Сдот да го поништи Решението ПП.бр.09-21/15 од 23.05.2025 година, на тужениот орган Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок. Тужбата е заведена под УПРК.бр.13/2025. Исто така, тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Стаменков Компани 2017 ДООЕЛ од Делчево, на ден 05.06.2025 година, до овој Суд поднесе тужба за поведување на управен спор, со која побараа Сдот да го поништи Решението ПП.бр.09-21/15 од 23.05.2025 година, на тужениот орган Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок. Тужбата е заведена под УПРК.бр.14/2025. Имајќи предвид дека

со двете тужби се оспорува еден ист управен акт Решението ПП.бр.09-21/15 од 23.05.2025 година, на тужениот орган Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок, Судот согласно одредбата од член 14 став 1 од Законот за управните спорови (Службен весник на РСМ бр.96/2019), а в.в со одредбата од член 299 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2005, 110/2008, 83/2009 и 116/2010), донесе одлука постапките по двете заведени тужби да ги спои, со што во иднина по истите да се води една единствена постапка.

Незадоволни од решението на тужениот орган, тужителите со тужба за управен спор ја оспорија законитоста на решението, поради неправилно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Имено, во тужбите се наведува дека на 25.12.2017 година тужителите склучиле Договор за деловна соработка, заверен кај Нотар Горан Манов под УЗП бр.2739/2017, со кој единствено ги уредиле меѓусебните деловни односи по поделбата на семејниот бизнис, а не склучиле забранет договор чија цел или последица е ограничување или нарушување на конкуренцијата. Наведуваат дека двете трговски друштва претходно биле основани од ист сопственик – Бранко Стаменков, кој при поделбата на својот имот и деловните активности одлучил едното друштво да го пренесе на својата ќерка и зетот Ванчо Дончевски, а другото на својот син Дарко Стаменков. Токму поради тоа бил склучен Договорот за деловна соработка, со цел да се разграничат производите со кои ќе работи секое од друштвата, да се уредат нивните меѓусебни деловни односи и да се избегнат идни недоразбирања и семејни спорови. Тужителите истакнуваат дека одредбите од договорот не содржат поделба на пазар, поделба на купувачи, утврдување на продажни или набавни цени, ограничување на производство, продажни квоти, ограничување на увоз или извоз, ниту какво било антиконкурентско однесување кон други учесници на пазарот. Напротив, предмет на договорот било секое друштво да продава различни производи, а не исти производи, со цел да не си создаваат меѓусебна конкуренција, при што во ниту една договорна одредба не се определени конкретен пазар, конкретни купувачи или категории купувачи кои би биле поделени помеѓу договорните страни. Понатаму, се наведува дека Комисијата погрешно утврдила дека договорот претставува картел во смисла на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи не биле исполнети законските елементи на поимот „картел“. Според тужителите, тие никогаш не вршеле координирање на своето пазарно однесување како конкуренти, не договарале цени, не ограничувале производство, не определувале продажни квоти, не вршеле поделба на пазарот или купувачите, ниту преземале активности насочени против други конкуренти на релевантниот пазар. Во тужбите се нагласува дека тужениот орган не утврдил на кој начин наводниот договор ја ограничил конкуренцијата, не утврдил кои други економски оператори биле исклучени од пазарот, ниту кои купувачи

биле лишени од можноста слободно да избираат снабдувач. Напротив, се наведува дека на територијата на Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица работеле повеќе други трговски друштва кои вршеле трговија на големо со алкохолни и безалкохолни пијалаци, меѓу кои Тиквеш Тим, Стојановски ЕД ДООЕЛ, Лугококта и Базар Кочани, поради што не може да стане збор за поделба на пазарот или купувачите. Тужителите понатаму истакнуваат дека тужениот орган воопшто не ја испитал примената на член 8 од Законот за заштита на конкуренцијата, кој се однесува на договорите од мало значење. Наведуваат дека нивниот заеднички пазарен удел не го надминува законскиот праг од 10%, поради што договорот претставува договор од мало значење, за кој согласно Законот не се применуваат одредбите од член 7. Во таа насока укажуваат дека Комисијата не извршила никаква економска анализа, ниту пресметка на нивниот пазарен удел, иако тоа било неопходно за правилно утврдување на фактичката состојба. Како доказ се повикуваат на Наодот и мислењето на вешто лице бр.0405/60 од 30.11.2021 година, од кој, според нив, произлегува дека нивниот пазарен удел е под законски утврдениот праг. Дополнително наведуваат дека договорот веќе бил предмет на судска оцена во граѓанска постапка. Со Пресуда ТС-18/20 од 01.04.2022 година Основниот суд Кочани го одбил како неосновано противтужбеното барање за утврдување ништовност на Договорот за деловна соработка, а наведената пресуда била потврдена со Пресуда ТСЖ бр.120/22 од 09.04.2025 година на Апелациониот суд Штип, со што договорот останал во правен промет и продолжил да произведува правно дејство. Тужителите, исто така, оспоруваат дека прекршокот траел од 25.12.2017 година до денот на донесување на решението, наведувајќи дека од исказот на Ванчо Дончевски даден на записник од 28.04.2022 година произлегува дека договорот фактички престанал да се применува уште во текот на 2018 година, кога престанала и деловната соработка помеѓу двете друштва. Според нив, Комисијата не дала образложение врз основа на кои докази заклучила дека договорот продолжил да важи и по тој период, ниту објаснила зошто во решението истовремено наведува дека прекршокот траел седум години и два месеци, а воедно констатира дека договорот сè уште бил во сила. Во однос на санкцијата, тужителите наведуваат дека истата е неправилно определена и спротивна на Законот за прекршоците, бидејќи не се земени предвид сите релевантни околности. Посебно се истакнува дека, иако приходите на двете друштва значително се разликуваат, на двете им е изречена иста глоба од 500.000,00 денари, при што не е образложено зошто кај едното друштво глобата изнесува 0,56% од годишниот приход, а кај другото 1,41%. Дополнително се наведува дека кај Стаменков Компани 2017 во пресметката биле вклучени и приходи од други дејности, како транспорт и месарница, без да се издвојат приходите што се однесуваат на трговијата со алкохолни и безалкохолни пијалаци. Имајќи го предвид наведеното, тужителите предлагаат Управниот суд да ги уважи тужбите, да го поништи Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата – Комисија за

одлучување по прекршоци и предметот да го врати на повторно постапување и одлучување.

Тужениот орган ги достави списите на предметот и во одговор на тужба наведе дека оспореното Решение е законито и донесено во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата. Истакна дека од содржината на Договорот за деловна соработка од 25.12.2017 година јасно произлегува дека ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ Делчево и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево извршиле поделба на производите што ќе ги продаваат со цел да не си бидат меѓусебни конкуренти, со што склучиле забранет хоризонтален договор за поделба на пазарот и изворите на снабдување, спротивно на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата. Наведе дека причините наведени од тужителот за уредување на семејните односи не се правно релевантни, бидејќи за оценката е одлучувачки ефектот што договорот го има врз конкуренцијата. Понатаму истакна дека договорот никогаш не бил раскинат, поради што истиот останал во важност и претставува континуирана повреда во период од 25.12.2017 година до донесувањето на решението. Тужениот орган наведе дека постоењето на други учесници на пазарот не ја исклучува можноста за постоење картел меѓу двете друштва, ниту пак нивниот мал пазарен удел го прави договорот дозволен, бидејќи согласно Законот и Уредбата за договори од мало значење, хоризонталните договори со кои се врши поделба на пазарите или купувачите не се изземени од забраната. Воедно посочи дека договорот довел до ограничување на конкуренцијата, бидејќи купувачите немале можност за избор на добавувач, а двете друштва биле обврзани одредени производи да ги набавуваат исклучиво едно од друго, со што се ограничувала ценовната и пазарната конкуренција. Во однос на висината на изречената глоба, наведе дека на ТЕЛХО-ДЕЛ му била изречена пониска санкција поради постоење олеснителни околности, односно доставени докази дека во одреден период ја избегнувал примената на договорот. Поради наведеното, тужениот орган предложи тужбата да се одбие како неоснована, а оспореното решение да се потврди како законито.

Одговорот на тужба беше доставен до тужителите на запознавање, по кој истите не се произнесоа.

Постапувајќи по предметната тужба Судот закажа и одржа јавна расправа на ден 10.06.2026 година, на која присуствуваа полномошниците на тужителите Миле Медарски адвокат од Кочани и Александар Ѓорѓијески адвокат од Скопје и во присуство на овластени претставници на тужениот орган Маја Стоиманова – Ристовска и Надица Четорошка.

На одржата јавна расправа на ден 10.06.2026 година, полномошникот на тужителот Телхо-Дел ДООЕЛ, изјави дека останува во

целсот при тужбата поставена при тужбено баарње, како и на доакзите приложени кон истата. Смета дека во конкретниот случај во дејствието на тужитлеот Телхо-дел не се исполнети елементите на прекршокот кој им се става на терет, кое нешто неспорно се докажува со досставените пресуди од нивна страна наведено во тужбата, во кои неспорно се утврдува дека тужителот Телхо-дел воопшто не учествувал во овој договор поради што е задолжен на сега другиот тужитлеот Стаменков да му плати штета за 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година, бидејќи не постапувал по тој договот. Затоа смета дека Комисијата воопшто не ги ценела и не ги зела во предвид овие пресуди од кои неспорно ќе утврдела поинаква фактичка состојба. Доколу пак тужениот сметал дека врз основа на доставените докази треба да поведе постапка и против тужитлот Телхо-дел од причина што истиот е тој кој поднел пријава и ја иницирал самата постапка, смета дека Комисијата требало да го има во предвид член 65 од ЗЗК и да поднесе предлог до Владата за ослободување на сега тужителот Телхо-дел, бидејќи во целсот се исполнети законските услови наведндени во тој член или пак евентуалната глоба да ја намали на минимален износ. Непсорно било дека предметниот договор е склучен, меѓутопа неспорно било дека тужителот Телхо-дел никогаш не учествивал во тој договор. Во конкретниот случај има ситуација кога со правосилни судски прессуди е утврдено дека Телхо-дел не учествиувал во тој договор никогаш, а е задолжен да плати штета од над 1.000.000,00 денари. Неспорно било дека истиот поднел тужба за утврдување на ништовност на тој договор спротивен на одредбите од ЗЗК, кој му било одбиен како неоснован, а од друга страна пак има ситуација кога тужениот утврдува дека пак тој учествувал во тој договор и му изрекува глоба од 500.000,00 денари. Поради сето наведено, бидејќи се работи за пресудена работа, побара тужбеното барање да биде усвоено онака како што е прецизирано. Побараме трошоци за застапување со паушал и часовнина 9.360,00 денари, зголемување за нареден тужител 4.680,00 денари, 10.000,00 денари судска такса соглано вредноста на спорот, вкупен износ 24.040,00 денари.

На одржата јавна расправа на ден 10.06.2026 година, полномошникот на тужителот Стаменков Компани 2017 ДООЕЛ, изјави дека останува во целост кон тужбата, досатавеното тужбенот барање, како и дополнитлно доказите поденсени со пдонеоск од 15.04.2026 година. Накратко, истакна дека тужениот при утврудвање на фактичката состојба направил погрешна констатација дека договорот за деловна соработка е склучен дел да се ограничи конкуренцијата и на кој начин би се вршело поделба на пазарот и на купувачите. Не ги зел во предвид наводите и доакзите во текот на постапкаат истакнати од тужителот Стаменков Компани 2017 од кои е и доказот Вешт наод и мислење од вешто лице ТП Гала Конслалтинг, каде што неспорно се утврдува дека конкретниот договор претставува договор од мало значење и е потврдено дека пазарниот удел на двете фирми на целокупниот пазар за пијалоци во

РСМ е под 10%, со што договорот за деловна соработка не е во споротивност со ЗЗК, односно истото е пресудена првостепена пресуда по тужбено барање на тужителот Стаменов, потрвдена од страна на повисок Апелационен суд. Особено истакна дека тужениот орган при утврдување на фактичката состојба и во оспореното решение, во даденото образложение воопшто нема утвдрено дека се исполнети условите определени во член 8. Особено што не го зел предвид и наводот истакнат од исто тужител во овој управен спор Телхо-дел Дооел, дека Комисијата не извршила проценка на влијанието на пазарот од страна на тужителите. Од доказите изведени во доказната постапка и наводите истакнати на рсправа, обрна внимание на фактот кој што е неспорен, дека двата правни субјекти тужители во оваа постапка, потекнуваат од едно правно лице кое го поделило својот имот на два правни субјекти Телхо-дел и Стаменков Компани, истото можело да се утвбрди и од тековната состојба доставена како доказ. Врз основа на доказите изведени во постапката, смеат дека неосмнено се докажало дека од страна на тужитлеот Стаменков Компани не е извршен прекршокот со кој се терети во оспроеното Решение, дека договорот во соглансост на член 8 став 1 од ЗЗК не се применува на договори од мало значење и во корелација со останатите докази, предлага Управниот суд да ја усвои тужбата, да го поништи оспореното Решение. Побараме трошоци согласно трошковник кој ќе го достави во рк од 1 ден сметано од денот на одржаната јавна расправа.

На одржата јавна расправа на ден 10.06.2026 година, претставникот на тужениот орган, Маја Стоиманова - Ристовска изјави дека ќе зборрува во име на двајцата овластени престатвници и наведе дека, по однос на наводите на тужитлеот Телхо-дел, дека не се исполнети елементите на прекршок, а КОП истакнува дека во текот на водењето на прекршочната псотапка, побара од двајцта тужители да достават доказ дали спорниот договор за делиовна спработјка е се уште во важност. Од страна на тужителите до КОП биле доставени доакзи дека спорниот договор е се уште во важнсот и никогаш не е раскинат. Врз основа на тоа КОП при носењето на утуженоот решение, го утвбрдил времетраењето на прекшокот дека траел 7 години и 2 месеци, и со оглед на тоа дека овој договор никиогаш не е раскинат, тој приодлжува да прпизведува правни ефекти, а тоа значи и потеницијалноограничување а конкрренцијта. По однос на наводите на тужителот Телхо-дел дека конкретниот предмет преставува веќе пресудена работа за која Основниот суд во Кочани донел пресуда, КОП истаклнува дека согланс ЗЗК, истито претставува независен орган и не е врзан за одлуки кои се дионеснеи во постаплки кои се водел или пак се водат пред други органи, ситито е надлежен за спроведување на ЗЗК и исто такапретставува единствен орган кој се грижи за заштита на конкуренцијата По однос на наводите на тужителот Телхо-дел, дкеа тие како претпријатие не учествувале во спорниот договор, КОП истакнува дека во самиот член 1 на договорот за деловна соработка, стриктно и изрично се уредени односите помеѓу овие две

претпријатија, односно се вметнати ограничувачки одредби со кои што тужителите го имаат разграничениo пазарот и потрошувачите. По однос на наводоот на тужитлеот Телхо-дел дека при носењето на оспореното ршение, КОП не земал во пердвид олеснителни околности, исталнуваме дкеа КОП при носењето на одлуките ги земал во пердвид одредбите за одмерување на глобата и му одмери олеснителни околнсот на Телхо-дел од причина што доставил докази за избегнување на примена на спорниот договор. Меѓутоа, истото бидејќи договорот за деловна спработка не е раскинат, тој се уште произведува правни ефекти на пазарот. Во однос на наводите на тужитлеот Стаменков Компани, дека КОП нема утврдено пазарни удели и дека договорот за деловна соработка претставува договор од мало занчење, КОП истакнува дека согланcо член 8 став 5 точка 5 од Уредбата, изрично е наведено дкеа хоризонтални договои од мало значење не смеат да содржат ограничувања кои што директно или индиректно сами или во комбонација со дурги фактори под контрола на договорните страни, имаат за цел поделба на пазрите или купувачите. Овој договор за деловна соработка потпишан помеѓу тужителите, претставува хоризонтален договор во кој изрично се вметнати ограничувачки одредби со кои се делат пазарите и купувачите. Му предложи на Управниот суд, доколку го поништи Решението на КОП и изрече трошоци, да се змеат во предвид двете јавни расправи дека се одложени не по вина на КОП и предложи Управниот суд да доенсе пресуда со која ќе ги одбие тужбите на тужитлелите и ќе го потврди оспореното Решение.

На одржата јавна расправа на ден 10.06.2026 година, во доказна постапка, Судот со читање изврши увид во доказите и тоа: оспорено Решение ПП.бр.09-21/15 од 23.05.2025 година, Тековна состојба за тужителот Телхо-Дел ДООЕЛ од 30.05.2024 година, Наод и мислење на Вешто лице бр.0405/60 од 30.11.2021 година од ТП Гала Консалтинг Кочани, Пресуда ТС-18/20 од 01.04.2022 година на Основен суд Кочани, Пресуда ТСЖ-120/22 од 09.04.2025 година на Апелациониот суд во Штип, Тековна состојба за тужителот Стаменков Компани 2017 Дооел Делчево од 31.01.2025 година, како и доказите доставени со списите, и тоа, електоенсак порака-бараање на мислење ПП.бр.09-45 од 22.12.2021 година-Допис на КЗК до Комсиита за одлучување по прекршок ПП.бр.09-45/СЛ од 05.01.2022 годсина, Заклучок за прибавување на пдатоци и документи ПП.бр.09-16/2 од 22.02.2022 година доставен до Стаменков Компани 2017, Заклучок за прибавување на пдатоци и документи ПП.бр.09-16/2 од 22.02.2022 година доставен до ТЕЛХО-ДЕЛ, ДОПИС Поднеоск Пп БР.09-16/3 од 15.03.2022 година, Одговор на заклучок ПП бр.09-16/4 од 25.03.2022 година, Електронска порака од 21.04.2022 година - Покана за работен состанок до Телхо-Дел, Заклучок за вршење увид на лице место ПП бр.09-45/5 од 11.05.2022 година, Записник ПП бр.09-16/6 од 19.05.2022 годсина, Потврда за одзмеена документација ПП бр.09-16/7 од 12.05.2022 година, Допис ПП бр.09-16/8 од 20.05.2022 година, Заклучок за

пвредување прекршочна псотапка ПП бр.09-16/9 од 30.08.2022 година, со пропратно писмо ПП бр.09-16/10 од 30.08.2022 година, Одгвоор на заклучок ПП бр.09-16/11 од 09.09.2022 година и ПП бр.09-16/12 од 20.09.2022 година, поднесоци ПП бр.09-16/13 од 23.09.2022 година ПП БР.09-17/1 од 10.02.2023 година и ПП бр.09-17/2 од 01.06.2023 година, Прелиминарно известување ПП бр.09-17/3 од 08.06.2023 година, Одговор на преелминирано зивестуивање ПП бр.09-174/6 од 276.07.2023, Заклучок ПП бр.09-12/2 од 06.06.2024 година, Допис за дпсатава податоци и документи од 26.06.2024 година, Допис -Поднесок од 19.06.2024 година, електорнска порака до КОП од 26.06.2024 годиан, Заклупк ПП бр.09-21/1 од 07.02.2025 година,и ПП бр.09-21/1 од 07.02.2025 година, Допис од 22.05.2025 година и од 04.02.2025 годиан, електорнски пораки од 12.03.2025 и 14.03.2025 година, конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-21/8 од 14.03.2025 година и ПП бр.09-16/9 од 18.03.2025 година, Одговори од 07.04.2025 година, барање од 11.04.2025 година и оспореоното решение.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителите, го испита оспореното Решение согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите во тужбите, списите по предметот, наводите истакнати на јавната расправа како и доказите изведени на истата најде дека:

Тужбата е неоснована.

Од списите на предметот произлегува дека постапката е поведена по Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 09-16/9 од 30.08.2022 година против ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, како претпријатија кои вршат трговија на големо со алкохолни и безалкохолни пијалоци на територијата на Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица. Во текот на постапката, ТЕЛХО-ДЕЛ со допис ПП бр. 09-16/4 од 25.03.2022 година доставил копија од нотарски акт – спогодба за усогласување на условите за поделба на друштвото преку постапка на издвојување со преземање, при што навел дека со издвојувањето е извршена поделба на дел од дејноста, побарувањата и обврските, како и дел од асортиманот на алкохолни и безалкохолни пијалоци. Притоа, навел дека согласно спогодбата двете друштва имале право да набавуваат одредени производи меѓусебно и од Прилепска Пивара, како и од други добавувачи, при што ваквиот начин на работење функционирал одреден период. СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 со допис ПП бр. 09-16/11 од 09.09.2022 година доставил одговор на Заклучокот, при што приложил пописни листи за дисконтите „Ванчо“ и „Дарко“, наод и мислење од вешто лице ТП ГАЛА КОНСАЛТИНГ – Лилјана Атанасова, како и пресуда ТС-18-20 од 01.04.2022 година на Основен суд Кочани. Во одговорот навел дека договорот за деловна соработка од 25.12.2017 година не претставува забранет договор, туку договор од мало значење

согласно член 8 од Законот за заштита на конкуренцијата, при што со истиот е извршена поделба на асортиманот на производи со цел двете друштва да не бидат меѓусебни конкуренти. ТЕЛХО-ДЕЛ со допис ПП бр. 09-16/12 од 20.09.2022 година доставил дополнителен одговор, при што приложил пописни листи за дисконтите „Ванчо“ и „Дарко“ и навел дека од истите произлегува поделба на асортиманот на производи кои ги продаваат договорните страни, односно дека дистрибуцијата е организирана по принцип на разграничување на добавувачи и производи. СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 со допис од 26.07.2023 година навел дека не постои забранет договор, ниту поделба на пазар, туку дека договорот претставува уредување на деловна соработка помеѓу поврзани субјекти и дека истата не претставува антиконкурентско однесување. Во текот на постапката КОП донел повеќе заклучоци за доставување на податоци, со кои од страните биле побарани податоци за остварени приходи од продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци за 2023 и 2024 година, како и биланс на успех и податоци за важноста на договорот од 25.12.2017 година. Страните ги доставиле бараните податоци. По изведување и анализа на прибраните докази, на 14.03.2025 година КОП донел Конечно известување за утврдена фактичка состојба, со кое утврдил дека ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 на 25.12.2017 година склучиле Договор за деловна соработка со кој извршиле поделба на асортиманот на производи, при што е утврдено меѓусебно разграничување на производи и купувачи со цел страните да не бидат конкуренти една на друга. Согласно договорот, ТЕЛХО-ДЕЛ се обврзал да набавува одредени алкохолни и безалкохолни пијалоци од СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, додека СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 се обврзал одредени производи да ги набавува од ТЕЛХО-ДЕЛ, при што со ваквиот начин на уредување е извршена поделба на пазарот и изворите на снабдување на територијата на Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица. Во известувањето е наведено дека ваквиот договор претставува хоризонтален договор меѓу директни конкуренти кој има за цел ограничување на конкуренцијата преку поделба на пазар и купувачи, што претставува забранет договор согласно член 7 став (1) точка 3 од Законот за заштита на конкуренцијата.

По вака претходно спроведена постапка, тужениот орган го донел оспореното Решение ПП.бр.09-21/15 од 23.05.2025 година, со кое во диспозитивот на истото под точка 1. е утврдено дека тужителот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево, застапувано од управителот Вано Дончевски, заедно со тужителот Друштвото за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево, застапувано од управителот Дарко Стаменков, како независни претпријатија кои вршат трговија на големо со алкохолни и безалкохолни пијалаци на територијата на градовите Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица, во периодот од 25.12.2017 година до денот на донесувањето на решението, учествувале во забранет договор -

картел, на начин што склучиле забранет договор со кој извршиле поделба на пазарите и купувачите. Со наведените дејствија, според Комисијата за заштита на конкуренцијата, тужителите сториле прекршок од член 59 став (1) точка 1), во врска со член 7 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата, поради што Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренцијата на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево му изрекла прекршочна санкција – глоба во износ од 500.000,00 денари, што претставува 0,56% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот остварен во 2024 година, како последна деловна година за која има составено годишна сметка. Со истото решение, на Друштвото за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево му е изречена прекршочна санкција - глоба во износ од 500.000,00 денари, што претставува 1,41% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2024 година, како последна деловна година за која има составено годишна сметка. Со точка 2 од диспозитивот на оспореното Решение е определено сторителите на прекршокот да ја платат изречената глоба во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението, на трансакциската сметка на налогопримачот - Министерство за финансии, на уплатната сметка и со приходната шифра наведени во решението, како и во рок од 15 дена од извршената уплата до Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават доказ за извршената уплата. Воедно, во решението е наведено дека неплатената или ненавремено платената глоба ќе се наплати по присилен пат, додека поднесената тужба го одлага извршувањето на решението. Во образложението на Решението е наведена хронологија на настаните и е наведенодека при утврдување на прекршокот, КОП се повикал на законските одредби со кои се забрануваат договори меѓу претпријатија чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, при што посебно е нагласено дека договори со цел поделба на пазар претставуваат најтежок облик на ограничување на конкуренцијата. Врз основа на анализата на прибраните докази, КОП утврдил дека страните учествувале во забранет картелски договор кој се применувал од 25.12.2017 година и траел до донесување на конечната одлука, односно сè уште бил во важност. При одмерување на глобата, КОП ги зел предвид вкупните приходи на страните за 2024 година, при што ТЕЛХО-ДЕЛ остварил приход од 88.786.745,00 денари, а СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 остварил приход од 35.250.978,00 денари. Согласно член 59 став (1) точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, во врска со член 7 став (1) точка 3 од истиот закон, на двете друштва им е изречена глоба во износ од по 500.000,00 денари, при што како отежителна околност е земено продолженото траење на прекршокот и неговата примена и по започнување на постапката, а како олеснителна околност делумно непочитување на договорот во одреден период.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното Решение, Судот најде дека истото е законито и при донесување на решението правилно е применето материјалното право.

Согласно член 35 од Законот за управните спорови (Службен весник на РСМ бр.96/19), Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 7 став 1 точка 3 од Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на Република Македонија” бр. 4/05, 70/06 и 22/07), Забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласеното однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: го делат пазарот или изворите на снабдување.

Според наоѓањето на Судот, од утврдената фактичка состојба пред тужениот орган, врз основа на целокупните списи по предметот, изведените докази, наводите истакнати во тужбите, одговорот на тужба, како и наводите дадени од странките на јавната расправа одржана пред овој Суд, произлегува дека тужениот орган правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба, врз чија основа правилно го применил материјалното право, при што во постапката не се сторени повреди на правилата на постапката на штета на тужителите.

Според утврдената фактичка состојба и приложените докази, правилно тужениот орган утврдил дека тужителите ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ Делчево и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево, како независни претпријатија кои вршат трговија на големо со алкохолни и безалкохолни пијалаци на територијата на Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица, на ден 25.12.2017 година склучиле Договор за деловна соработка со кој меѓусебно го разграничиле асортиманот на производи, изворите на снабдување и купувачите, со цел да не настапуваат како конкуренти на релевантниот пазар. Од содржината на договорот, како и од исказите и писмените изјаснувања доставени во текот на постапката, произлегува дека секое од друштвата било задолжено да продава определени производи, додека за други производи било упатено на набавка од другото друштво, со што е воспоставен систем на меѓусебно разграничување на производите и купувачите. Врз основа на ваквите околности, тужениот орган правилно заклучил дека предметниот договор претставува хоризонтален договор помеѓу конкуренти со кој се врши поделба на пазарот и изворите на снабдување. Тужениот орган правилно ја применил одредбата од член 7 став 1 точка 3 од Законот за заштита на конкуренцијата, според која се забранети договори меѓу претпријатија чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено договори со кои се дели пазарот или изворите на снабдување. Притоа, правилно е утврдено дека договорот претставува забранет договор – картел, бидејќи со неговите одредби се исклучува меѓусебната конкуренција помеѓу

договорните страни и се ограничува слободниот избор на купувачите и добавувачите.

Судот ги ценеше наводите на тужителите дека договорот бил склучен единствено поради поделба на семејниот бизнис и уредување на меѓусебните односи по издвојувањето на дел од деловните активности, меѓутоа оцени дека истите се неосновани. Имено, за примената на Законот за заштита на конкуренцијата не е одлучувачка причината поради која договорот е склучен, туку неговата содржина и ефектите што ги произведува на пазарот. Од содржината на договорот неспорно произлегува дека страните договориле разграничување на производите кои ќе ги продаваат и ќе ги набавуваат, со што ја ограничиле можноста за меѓусебна конкуренција, а токму таквото однесување е забрането со член 7 став 1 точка 3 од Законот за заштита на конкуренцијата. Неосновани се и наводите на тужителите дека договорот не содржел поделба на пазар или купувачи и дека не биле исполнети елементите на картел. Имено, од доказите прибрани во управната постапка, како и од доставените пописни листи, изјаснувања и содржината на самиот договор, произлегува дека договорните страни воспоставиле разграничување на производите и изворите на снабдување, со цел да не бидат конкуренти една на друга. Ваквото однесување претставува поделба на пазарот во смисла на Законот за заштита на конкуренцијата, без оглед што не се наведени конкретни купувачи по име и презиме или конкретни продажни цени.

Судот не ги прифати ниту наводите дека постоењето на други трговски друштва на релевантниот пазар ја исклучува можноста за постоење на забранет договор. Имено, околноста што на пазарот делуваат и други економски оператори не го исклучува постоењето на картелски договор меѓу одделни учесници на пазарот. За постоење на повреда на конкуренцијата доволно е да биде утврдено дека договорните страни меѓусебно ја ограничиле конкуренцијата преку поделба на пазарот или изворите на снабдување, што во конкретниот случај е неспорно утврдено. Неоснован е и приговорот дека тужениот орган бил должен да го примени член 8 од Законот за заштита на конкуренцијата кој се однесува на договорите од мало значење. Имено, иако тужителите се повикуваат на вешт наод и мислење според кој нивниот пазарен удел бил под законски утврдениот праг, Судот оцени дека тоа не е од влијание врз поинакво одлучување. Согласно член 8 став 5 од Уредбата за договори од мало значење, од изземањето не можат да користат хоризонтални договори кои имаат за цел поделба на пазарите или купувачите. Бидејќи во конкретниот случај тужениот орган правилно утврдил дека договорот претставува хоризонтален договор со кој се врши поделба на пазарот и изворите на снабдување, правилно заклучил дека истиот не може да се смета за договор од мало значење, без оглед на висината на пазарниот удел на учесниците.

Во однос на наводите дека предметниот договор бил оценуван во граѓанска постапка и дека со пресудите на Основниот суд Кочани и Апелациониот суд Штип не била утврдена неговата ништовност, Судот оцени дека истите не се од влијание врз законитоста на оспореното Решение. Имено, предмет на граѓанската постапка било прашањето на важноста на договорот од аспект на облигационите односи меѓу страните, додека предмет на постапката пред Комисијата за заштита на конкуренцијата било оценувањето дали истиот договор претставува забранет договор во смисла на Законот за заштита на конкуренцијата. Станува збор за различни постапки со различен предмет на одлучување, поради што тужениот орган не бил врзан од одлуките донесени во граѓанската постапка.

Судот не ги прифати ниту наводите дека прекршокот престанал во текот на 2018 година. Од списите на предметот произлегува дека во текот на постапката тужениот орган побарал од страните да се произнесат дали договорот од 25.12.2017 година е раскинат или престанал да важи, при што било утврдено дека истиот никогаш не бил раскинат и останал во правна сила. Поради тоа, правилно тужениот орган заклучил дека договорот продолжил да произведува правни ефекти и дека повредата на конкуренцијата претставува континуирано дејствие кое траело до денот на донесување на решението. Во однос на наводите за висината на изречената глоба, Судот оцени дека истите се неосновани. Од образложението на оспореното решение произлегува дека тужениот орган при одмерувањето на санкцијата ги ценел сите релевантни околности, вклучително и времетраењето на прекршокот, неговата тежина, економската моќ на сторителите и околноста дека кај ТЕЛХО-ДЕЛ постоеле одредени олеснителни околности поврзани со делумно непочитување на договорот. Изречените санкции се во рамките на законски пропишаните граници и Судот оцени дека истите се соодветни на тежината на сторениот прекршок.

Имајќи ја предвид ваквата фактичка и правна состојба, Судот оцени дека оспореното Решение е правилно и законито, донесено врз основа на целосно и правилно утврдена фактичка состојба и со правилна примена на материјалното право, поради што тужбите како неосновани требаше да бидат одбиени.

Врз основа на изнесеното, Судот согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2019), одлучи како во изреката под точка I на оваа одлука.

Исто така, одлучувајки по барањата на тужителите за надомест на трошоците на постапката Судот одлучи истите да ги одбие како неосновани, согласно одредбите од член 86 став 3 од Законот за управните спорови, според кој доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

ОДЛУЧЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 15.06.2026 година под УПРК.бр.13/2025 и УПРК.бр.14/2025.

Записничар - виш судски соработник
м-р Едита Исахи

Претседател на совет-Судија
м-р Анета Џигерова

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуваат тужителите солидарно да платат судска такса за одлука во износ од 800,00 денари во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.С.Македонија, банка на примач НБСРМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Одлуката да се достави на:
- тужителите преку полномошнци
- тужениот орган

Претседател на совет-Судија
м-р Анета Џигерова

МЃ/